**2026007082**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 и член 140 став 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 153/19, 92/21, 222/24 и 59/25), согласно Одлуката за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање за доделување на Одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz (Службен весник на Република Северна Македонија број 145/2025), а во согласност со Извештајот од извршено разгледување на понуди број 0201-1103/26 од 27.08.2025 и Одлуката за завршување на постапка по Јавен тендер со јавно наддавање (Службен весник на Република Северна Македонија број 186/2025), како и Одлуката за продолжување на роковите предвидени во тендерска документација број 0201-1103/33 од 21.11.2025, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 12.1.2026 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА ЕДИНСТВЕНИОТ КВАЛИФИКУВАН ПОНУДУВАЧ ЗА РАДИОФРЕКВЕНЦИСКИТЕ ОПСЕЗИ 700 MHZ, 1800 MHZ И 3.X GHZ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАДИОКОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ НА ЦЕЛАТА ТЕРИТОРИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

(1) Се избира Друштво за комуникациски услуги Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје како единствениот квалификуван понудувач за издавање на одобрение А1 - за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенцискиот опсег 703-713/758-768 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија;

(2) Се избира Друштво за комуникациски услуги Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје како единствениот квалификуван понудувач за издавање на одобрение В1 - за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенцискиот опсег 1775-1785/1870-1880 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија;

(3) Се избира Друштво за комуникациски услуги Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје како единствениот квалификуван понудувач за издавање на одобрение C1 - за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенцискиот опсег 3.5-3.6 GHz (1x100 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија.

Член 2

(1) Избраниот понудувач од членот 1 став 1 на оваа Одлука е должен да ја плати понудената цена на еднократниот надоместок за добивање на одобрението утврдено во член 1 став 1 во висина на понудениот износ од 4.200.001 евра (четири милиони двеста илјади и едно евра), во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на уплата, на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во рок од 10 дена од денот на приемот на оваа Одлука.

(2) Избраниот понудувач од членот 1 став 2 на оваа Одлука е должен да ја плати понудената цена на еднократниот надоместок за добивање на одобрението утврдено во член 1 став 2 во висина на понудениот износ од 1.500.001 евра (еден милион петстотини илјади и едно евра), во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на уплата, на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во рок од 10 дена од денот на приемот на оваа Одлука.

(3) Избраниот понудувач од членот 1 став 3 на оваа Одлука е должен да ја плати понудената цена на еднократниот надоместок за добивање на одобрението утврдено во член 1 став 3 во висина на понудениот износ од 2.320.001 евра (два милиони триста и дваесет илјади и едно евра), во денарска противвредност по средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на уплата, на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија во рок од 10 дена од денот на приемот на оваа Одлука.

(4) Доколку избраниот понудувач не го плати вкупниот износ од 8.020.003,00 Евра (осум милиони дваесет илјади и три евра), во рок и начин како што е утврдено во став (1), (2) и (3) на овој член, нема да му се издадат Одобренијата за користење на радиофреквенции.

Член 3

(1) Одобренијата за користење на радиофреквенции од членот 1 на оваа одлука се издаваат за одреден период и тоа:

- Одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенцискиот опсег 703-713/758-768 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија – А1, за време од 15 години;
- Одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенцискиот опсег 1775-1785/1870-1880 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија – В1, за време од 8 години;
- Одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенцискиот опсег 3.5-3.6 GHz (1x100 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија – С1, за време од 15 години.

(2) Одобренијата за користење на радиофреквенции ќе ги издаде Директорот на Агенцијата за електронски комуникации по извршеното плаќање на еднократниот надоместок предвиден во член 2 од оваа Одлука.

Член 4

Избраниот понудувач по добивањето на Одобренијата за користење на радиофреквенции е должен да постапува согласно Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него и прифатените права и обврски од Тендерската документација по Јавниот тендер со јавно наддавање број 0201-1103/18 од 17.07.2025 година.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Член 6

Оваа Одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со Одлуката за давање Согласност на Одлуката за утврдување на најниската висина на еднократниот надоместок и начинот на неговото плаќање за добивање на Одобрение за користење на радиофреквенции за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz од Владата на Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија број 140/2025) и Одлуката за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање за доделување на Одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz

(Службен весник на Република Северна Македонија број 145/2025), Агенцијата за електронски комуникации изработи Тендерска документација во која ги појасни сите услови од Одлуката за распишување на Јавен тендер со јавно наддавање, ги наведе критериумите за избор, како и дополнителната документација што мора да се обезбеди за понудите да се сметаат за прифатливи.

Согласно издадената Тендерска документација на ден 22.08.2025 година со почеток во 10:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации се изврши јавно отварање на примената понуда за што е составен Записник број 0201-1103/24 од 22.08.2025 година од Комисијата за спроведување на постапката по Јавен Тендер со јавно наддавање.

На 27.08.2025 година Комисијата за спроведување на Јавен тендер со јавно наддавање изврши разгледување на понудата која ја содржи комплетната документација за што е изготвен Извештај од извршено разгледување на понуди број 0201-1103/26 од 27.08.2025 година во кој е констатирано дека единствен понудувач е Оне Македонија Телекомуникации ДООЕЛ Скопје со поднесена понуда со архивски број 0805-1103/23 од 20.08.2025 година. Понудувачот ја доставил понудата за следниве Одобренија со следниве цени:

Одобрение А1 - одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенциски опсег 703-713/758-768 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија износ од 4.200.001 евра (четири милиони двеста илјади и едно евра);

Одобрение В1 - одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенциски опсег 1775-1785/1870-1880 MHz (2x10 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија износ од 1.500.001 евра (еден милион петстотини илјади и едно евра);

Одобрение С1 - одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба од радиофреквенциски опсег 3.5-3.6 GHz (1x100 MHz) на целата територија на Република Северна Македонија износ од 2.320.001 евра (два милиони триста и дваесет илјади и едно евра).

Од увидот во доставените документи, Комисијата констатира дека сите документи ги исполнуваат условите пропишани во Тендерската документација и се согласно закон.

Бидејќи беше доставена само една понуда, во согласност со член 140 став (4) од Законот за електронските комуникации, Директорот во рок од три дена од денот на приемот на Извештајот од комисијата за спроведување на јавниот тендер со јавно наддавање донесе Одлука број 0201-1103/28 од 29.08.2025 година со која постапката по јавниот тендер со јавно наддавање заврши.

Имајќи предвид дека во член 140 став (5) од Законот за електронските комуникации е наведено: „Директорот на Агенцијата во рок од десет дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (4) на овој член ќе донесе одлука за издавање на одобрение за користење на радиофреквенции на квалификуваниот понудувач од ставот (4) на овој член“., но со оглед дека од 09.08.2025 година Претседателот на Собранието на Македонија распиша локални избори и имајќи го предвид Известувањето на Државната комисија за спречување на корупција објавено на нејзината веб страна од 11.08.2025 година кое е донесено во согласност со Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во кое покрај останатото е наведено дека не може да се оттуѓува државен капитал, носењето на Одлуката од член 140 став 5 се пролонгира за по завршување на изборниот процес.

Како во меѓувреме беше поднесено барање од единствениот понудувач за продолжување на роковите, кое барање беше прифатено па согласно член 44 став 3 од

Законот за Општата управна постапка (Службен весник бр.124/15 и 65/18) беше донесена Одлуката за продолжување на роковите предвидени во тендерска документација број 0201-1103/33 од 21.11.2025, оваа Одлука за избор на единствениот квалификуван понудувач за радиофреквенциските опсези 700 MHz, 1800 MHz и 3.x GHz за обезбедување на јавни радиокомуникациски мрежи и услуги на целата територија на Република Северна Македонија од член 140 став (5) од Законот за електронските комуникации се донесе во согласност со продолжените рокови.

Имајќи го предвид сето ова, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука е дозволена тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Бр. 0201-81/1
12 јануари 2026 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с.р.